Друштво за проектирање градежништво
трговија и услуги
УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ Гостивар
Бр.31.03 / 17.03 .2025 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕВЕРНА
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - КОМУНА Е ЈЕГУНОВЦИТ
Бр.- Nr. 03-926/13
17-03-2025 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

РАМКОВНА СПОГОДБА
за јавна набавка на услуги
Изработка на проекти

склучен помеѓу:

1. Општина Јегуновце, застапувана од градоначалникот Димитар Костадиноски (во понатамошниот текст: Договорен орган); и

2. Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ Гостивар, застапувано од одговорното лице Петрит Далипи (во понатамошниот текст: Носител на набавката)

Член 1

Предмет на оваа рамковна спогодба е набавка на услуги за Изработка проекти за согласно спроведената постапка за набавка од мала вредност за јавна набавка на услуги по оглас број 02825/2025.

Член 2

Договорниот орган ќе ја набавува услугата која е предмет на набавката сукцесивно во период од една година од денот на склучување на рамковната спогодба, односно до извршување на вредноста на максималната вредност на рамковната спогодба ако истото се случи во рок пократок од една година.

Договорниот орган го задржува правото да ја одреди потребната количина од услугата која е предмет на рамковната спогодба, а носителот на набавката се согласува дека не мора да се испорача целата договорена вредност за времетраењето на рамковната спогодба.

Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба нема да се склучува, а ефект на поединечен договор ќе имаат: нарачка, налог, заклучница и слично, и ќе ги имаат сите суштествени состојки на договорот.

Член 3

Вкупната вредност на рамковната спогодба во рамките на која договорниот орган може да набавува, а носителот на набавката може да изврши испораката на услугите изнесува 600.000,00 денари без ДДВ. Вкупниот износ на ДДВ на договорот изнесува 108.000,00 денари. Вкупната вредност на рамковната спогодба изнесува 708.000,00 денари со ДДВ

Двете страни се согласни дека износот утврден во ставот 1 од овој член не е обврзувачки и истиот не мора да биде исполнет во целост до завршување на времетраењето на периодот на важност на рамковната спогодба.

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да ја испорачува услугата која е предмет на оваа рамковна спогодба (проект и ревизија) до седиштето на договорниот орган, односно до општинската зграда на општина Јегуновце, с.Јегуновце.

Носителот на набавката е должен бараната услуга која е предмет на нарачка да ја изврши во рок не подолг од 30 (триесет) дена, сметано од денот на прием на порачката од страна на договорниот орган по телефон, е-пошта или факс., во следната форма:

- dwg, pdf, dgn- тип на фајловите за графиката,
- doc, odt - за текст,
- hls – за табеларен приказ.

Носителот на набавката е должен основниот проект и ревизијата што се предмет на изработка да ја достави во хартиена и електронска верзија во 4 (четири) печатени примероци + 4 (четири) ЦД примероци.

Сите трошоци за извршување на услугите и доставата на проектите до договорниот орган се на товар на носителот на набавката и истите се вкалкулирани во конечните цени на услугите.

Член 5

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 (триесет) дена од приемот на фактурата и испратницата за извршени испораки во архивата на Договорниот орган.

Член 6

Оваа рамковна спогодба влегува во сила по потпишувањето на договорените страни.

Член 7

За се што не е предвидено со оваа рамковна спогодба ќе важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 8

Сите евентуални спорови кои би произлегле од оваа рамковна спогодба, а кои договорните страни неможат да ги решат спогодбено ќе ги решава надлежниот суд во Тетово.

Член 9

Оваа рамковна спогодба е изработена во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ
Управител
Петрит Далипи

Прилог 1 – Образец на понуда

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот број 02825/2025 објавен од страна на општина Јегуновце, за набавка на услуги за **Изработка на проекти (ниска градба)** со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: **УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ Гостивар**

I.2. Контакт информации

- Адреса: _Иво Лола Рибар бр.8 Гостивар__
- Телефон: _078203707_____
- Факс: _____
- Е-пошта: urbsanplanner.gv@gmail.com
- Лице за контакт: Петрит Далипи

I.3. Одговорно лице: Петрит Далипи

I.4. Даночен број: 4007017524495

I.5. Матичен број: 7248504

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

Р.б.	**Опис на услугата**	**Единица мерка**
1	**Изработка на проекти (ниска градба) со вклучена ревизија**	метар должен

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната единечна цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 80 *[со бројки]* (осумдесет) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 14,4.

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

Листа на цени за Изработка на техничка документација за реконструкција на локални улици

Р.б.	Опис на услугата	Единица мерка	Единечна цена без ДДВ	ДДВ
1	**Изработка на проекти (ниска градба) со вклучена ревизија**	метар должен	80	14,4
	ВКУПНА ЦЕНА НА ПОНУДАТА:		80	14,4

III.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Гостивар, 25.02.2025

Одговорно лице*

Петрит Далипи

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице